**Известување за концентрација со која ФЕНИКС Фармахандел ГМБХ и Ко. КГ стекнува единствена контрола над друштвото МекКесон Јуроп Холдингс ГмбХ и Ко. КГаА.**
**(предмет бр. 08-93/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.02.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето самостојна контрола од страна на друштвото **ФЕНИКС Фармахандел ГМБХ и Ко. КГ.** со регистрирано седиште на адреса Пфингствајдштрасе бр. 10–12, Манхајм, Германија над друштвото **МекКесон Јуроп Холдингс ГмбХ и Ко. КГаА.** со регистрирано седиште на Стокхолмер Пл. 1, 70173 Штутгард, Германија

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**ФЕНИКС Фармахандел ГМБХ и Ко. КГ -** ("**ФЕНИКС**") е дел од друштвата во рамки на Групацијата ФЕНИКС, во сопственост на и управувана од крајното матично претпријатие на групацијата – ФЕНИКС Фарма СЕ со седиште на Пфингствајдштрасе бр. 10–12, Манхајм, Германија. Групацијата ФЕНИКС е активна во трговијата со фармацевтски производи и медицински помагала во 27 земји низ Европа и вработува приближно 39.000 лица. Групацијата ФЕНИКС има две поврзани лица регистрирани во Северна Македонија:

- ФЕНИКС Фарма ДООЕЛ кое нуди услуги и производи низ целиот фармацевтски синџир на снабдување – за производители на фармацевтски производи, како и за аптеки, лекари, болници и пациенти и е со седиште на Јадранска магистрала 31, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и
- ЕЛ Фарма ДООЕЛ кое обезбедува поддршка на своите партнери во активностите што претходат на трговијата на големо (поддршка за пристап до пазарот, медицински прашања, регистрација на лекови и медицински помагала, или поддршка за маркетинг и продажба) и е со седиште на Јадранска магистрала 31, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Предложената трансакција опфаќа стекнување на контрола врз МекКесон Јуроп, холдинг компанија на европската фармацевтска дејност на МекКесон.

**МекКесон Јуроп Холдингс ГмбХ и Ко. КГаА. -** ("**МекКесон Јуроп**")работи како интегрирано друштво за трговија на големо и мало со целосна линија на производи и обезбедува логистика и услуги во фармацевтскиот сектор и секторот на здравствена заштита. Припаѓа на Корпорацијата МекКесон како крајно матично претпријатие на сите европски поврзани лица на МекКесон. МекКесон Јуроп ги контролира субјектите на МекКесон присутни во 13 европски земји. Целното друштво ниту е активно ниту генерира промет во Северна Македонија.

**Според подносителот на известувањето**, предложената трансакција потенцијално се однесува на пазарите за трговија на големо и мало со фармацевтски производи во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.08.2021 година, Скопје